З А К О Н
ЗА МЕДИЈАЦИЈА
(Пречистен текст)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на законот

Член 1
(1) Со овој закон се определуваат начелата на меди- јацијата, поимот за медијатор, постапката за медијација и организацијата на медијаторите.

(2) Одредбите од овој закон ја уредуваат медијаци- јата во граѓански, трговски, работни, потрошувачки и во други спорни односи меѓу физички и правни лица, со кои страните можат слободно да располагаат со сво- ите барања, во согласност со закон, освен кога со закон поинаку не е пропишано.
(3) Одредбите од овој закон се применуваат и во се- мејни и кривични спорови, доколку медијацијата одго- вара на природата на спорните односи и со посебен за- кон не е исклучена нејзината примена.
(4) Медијацијата се води врз основа на договор по- стигнат меѓу страните пред или по започнувањето на судскиот спор, со или без упатување на судот или друг орган, освен кога со закон не е предвидена исклучива надлежност на суд или друг орган.
(5) Во споровите од ставовите (2) и (3) на овој член ќе се применуваат правилата и начелата дефини- рани во овој закон, освен ако страните поинаку не се договорат.

ОСНОВНИ ПОИМИ

Член 2
Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
1) „Медијација” е начин на решавање на спорови во кој страните спорниот однос настојуваат да го ре- шат на мирен начин со помош на еден или повеќе ме- дијатори, кои на страните им помагаат да постигнат за- едничко прифатливо решение;
2) „Медијатор“ е физичко лице кое ја спроведува постапката за медијација согласно со начелата за меди- јација;
3) „Постапка за медијација“е посебен вид на по- стапка која по својот карактер е доброволна, ефикасна, брза и ефтина;
4) „Страна во постапка за медијација“ е физичко или правно лице кое учествува во медијацијата и чија согласност е потребна за решавање на спорот и
5) „Комора на медијатори“ е организација на меди- јаторите која ја унапредува медијацијата и го организи- ра работењето на медијаторите.

II. НАЧЕЛА НА МЕДИЈАЦИЈА

Доброволност

Член 3
(1) Страните во спорот доброволно ја поведуваат и учествуваат во постапката за медијација и во секое вре- ме можат да се откажат од истата.
(2) Откажувањето на страните од медијацијата не влијае врз нивното право спорот да го решат во судска или друга постапка.

Неутралност и непристрасност

Член 4
Во постапката за медијација, медијаторот постапува неутрално и непристрасно во однос на страните или предметот на спорот.

Доверливост

Член 5
(1) Сите информации што произлегуваат или се по- врзани со постапката за медијација ќе останат доверли- ви освен ако страните поинаку не се договорат.
(2) Одделни информации од ставот (1) на овој член нема да имаат карактер на доверливост доколку тоа се предвидува со определен закон, или доколку тоа е нуж- но за спроведување на спогодбата која произлегува од постапката на медијација или кога тоа го бара јавниот интерес.

Јавност во медијацијата

Член 5-а
(1) Во медијацијата јавноста е исклучена.
(2) Во медијацијата учествуваат само страните или по нивно барање нивните законски застапници или полномошници.
(3) Трети лица можат да присуствуваат само со доз- вола на двете страни, односно сите страни кои учеству- ваат во медијацијата.

Еднаквост на страните

Член 6
(1) Страните имаат еднакви можности за учество во постапката за медијација, за што ќе бидат инфор- мирани на јасен и разбирлив начин од страна на меди- јаторот.
(2) Во водењето на постапката, медијаторот поста- пува еднакво со страните, имајќи ги предвид околно- стите на случајот.

Достапност на информации за медијација

Член 7
Јавноста и страните имаат пристап до информации кои се однесуваат на постапката за медијација, а особе- но во врска со:
- начинот на водење на постапката,
- видовите на спорови за кои може да се води по- стапка на медијација,
- јазикот на кој се води постапката,
- трошоците што треба да бидат покриени од стра- ните,
- времетраењето на постапката,
- сите значајни правила кои може да бидат приме- нети и
- правото да поведат судска или друга постапка за решавање на спорот.

Ефикасност

Член 8
Медијацијата е економична, ефикасна и брза по- стапка до која страните имаат лесен пристап.

Правичност

Член 9

(1) Во постапката за медијација се гарантира пра- вично постапување.

(2) Страните треба да бидат поттикнувани целосно да соработуваат во постапката и да обезбедуваат ин- формации за правично решавање на спорот.

III. МЕДИЈАТОР

Поим на медијатор

Член 10

(1) Медијатор е деловно способно физичко лице кое им помага на страните да постигнат спогодба, без пра- во да наметне решение на спорот, во согласност со на- челата на медијацијата.

(2) Медијатори можат да бидат: адвокати, дипломи- рани правници или лица од друга професија и други истакнати стручни и научни работници, во зависност од видот на спорот, кои завршиле обука за медијатори и ги исполнуваат условите од членот 11 на овој закон.

(3) Во постапката за медијација може да учествува- ат еден или повеќе медијатори.

Услови за медијатор

Член 11

(1) Медијаторот мора да ги исполнува следниве ус- лови:

1) да има стекнато универзитетска диплома за завр- шено високо образование VII/I или стекнати 300 креди- ти според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) во Република Македонија или нострифицирана дипло- ма во странство со стекнати 300 кредити;

2) да има најмалку пет години работно искуство по дипломирањето;

3) да има сертификат издаден или признат од Ми- нистерството за правда за завршена обука според Про- грамата за обука на медијатори и

4) да биде запишан во Именикот на медијатори кој го води Комората на медијатори.

(2) Обуката за медијатори ја организира Мини- стерството за правда или друга институција овластена од министерот за правда, најмалку два пати во текот на една календарска година.

(3) Трошоците за обука на медијатори ги сноси кандидатот кој ја посетува обуката за медијатори. Ми- нистерот за правда со подзаконски акт ја утврдува ви- сината на реално направените трошоци за обука на ме- дијатори и надоместокот за работата на обучувачите.

(4) Во спорови со странски елемент, медијатор мо- же да биде и странски државјанин доколку е овластен да врши медијација во матичната држава.

(5) Министерот за правда со подзаконски акт го пропишува начинот и постапката на спроведување на обуката на медијатори.

Престанок на својството медијатор

Член 11-а

(1) Својството на медијатор престанува:

1) по сопствено барање на медијаторот за бришење од Именикот на медијатори и

2) ако на медијаторот со судска одлука му биде од- земена или ограничена деловната способност.

(2) Комората на медијатори во рок од 15 дена од де- нот на исполнувањето на условите од ставот (1) на овој член, ќе донесе одлука за престанување на својс- твото на медијатор.

Должности, права и одговорност на медијаторот

Член 11-б

(1) Медијаторот е должен да ја води и заврши по- стапката на медијацијата согласно начелата на овој за- кон.

(2) Медијаторот не може на страните да им намет- нува решение, да им дава ветувања и да гарантира одредени резултати од постапката за медијација.

(3) Медијаторот е должен да ја води и заврши по- стапката за медијација во рокот определен во Законот, водејќи сметка за интересите на страните.

(4) Медијаторот е должен да го пријави секое за- почнување на постапка за медијација, секое завршува- ње или запирање на постапката за медијација во Ре- гистарот за евиденција на постапките за медијација.

(5) Медијаторот има право на надоместок на тро- шоци и награда, согласно Тарифникот за награда и на- доместок на трошоци на медијаторите.

(6) Медијаторот одговара за штетата која ќе им ја предизвика на страните со своето незаконско постапу- вање, согласно со општите правила за надоместок на штета.

Судир на интереси

Член 12

(1) Медијаторот не може да постапува во предмети во кои има или имал личен интерес, личен, семеен или деловен однос со страна во спорот, или ако постојат други околности кои ќе предизвикаат сомнеж во него- вата непристрасност.

(2) Медијаторот нема да постапува во предмети по кои претходно постапувал како судија, бил полномош- ник, законски застапник, арбитер или советник на една од страните.

(3) Лицето кое ќе биде предложено за медијатор е должно да ги изнесе пред страните сите околности што можат да бидат причина за основано сомневање во него- вата непристраност и независност во поглед на спорот.

(4) Од моментот на известувањето за избор на ме- дијаторот, и во текот на целата постапка, тој без одла- гање на страните ќе им ги открива околностите од ста- вот (2) на овој член, освен ако за тоа претходно веќе не ги информирал страните.

(5) Ако ниту една од страните, откако дознала за околностите од ставот (2) на овој член, не побара опре- делување на друг медијатор, нема право по тој основ да ја побива спогодбата постигната во постапката за медијација.

IV ПОСТАПКА ЗА МЕДИЈАЦИЈА

Започнување на постапката за медијација

Член 13

(1) Медијацијата започнува на денот кога страните во спорот во писмена форма се согласиле дека ќе учес- твуваат во медијација или со потпишување на изјава за согласност дека ќе учествуваат во медицијација дадена на записник пред суд.

(2) Ако страната што поканила друга страна на ме- дијација не добие одговор за прифаќањето на поканата за медијација во рок од 15 дена од денот на испраќање- то на поканата или во друг пократок рок кој е утврден со поканата, се смета дека предлогот за поведување на постапка за медијација не е прифатен.

Полномошник

Член 14

(1) Доколку страните во постапката за медијација се физички лица, нивното присуство во текот на по- стапката за медијација е задолжително.

(2) Во постапката за медијација страните може да имаат полномошник, а полномошникот може

да биде само од редот на лицата предвидени во Законот за пар- ничната постапка.

Застареност и преклузија

Член 15
(1) Со започнување на постапка за медијација не настанува прекин на течење на роковите за застареност на побарувањето.
(2) Поведувањето на постапка за медијација не вли- јае на течењето на преклузивните рокови за поведува- ње постапка утврдена со друг закон.

Број и определување на медијатори

Член 16
(1) Страните спогодбено определуваат дали постап- ката за медијација ќе ја спроведува еден или повеќе ме- дијатори и спогодбено ги избираат лицата кои ќе бидат медијатори од Именикот на медијатори.
(2) Ако страните не можат да се спогодат за бројот или за лицата кои ќе бидат определени за медијатори, можат да побараат Комората на медијатори да препо- рача или да го определи бројот на медијатори или да определи медијатор во дадениот спор.

Спроведување на постапка за медијација

Член 17
(1) Пред почетокот на постапката за медијација, ме- дијаторот е должен да ги запознае страните со начела- та, правилата и трошоците на постапката.
(2) Во спроведување на постапката за медијација, медијаторот ќе ги почитува начелата на медијацијата, земајќи ги во предвид сите околности во предметот, интересите на страните и потребата за брзо и трајно ре- шавање на спорот.

Изнесување на предлози

Член 18
(1) Страните и медијаторот, доколку поинаку не се договориле, можат во кое било време во текот на по- стапката да изнесуваат свои предлози за спогодбата со која ќе го решат спорот.
(2) Во случаите од ставот (1) на овој член, на секоја страна и се дава можност да се произнесе по предлозите.

Комуникација на медијаторот со страните

Член 19
(1) Медијаторот може да комуницира со страните, заедно или одвоено.
(2) Информациите што медијаторот ги прима од ко- ја било страна во постапката, може да и ги открие на другата страна, освен оние за кои страната ќе определи дека се доверливи.

Дозволеност на докази во други постапки

Член 20
(1) Страните во постапката за медијација, медијато- рот или било кое трето лице, вклучувајќи ги и оние кои се дел од администрацијата во постапката за медијаци- ја, не можат во арбитражна, судска или во која било друга постапка да сведочат, да се повикуваат, да пред- лагаат, или да изнесуваат како доказ:

1) покана од некоја страна за учество во постапка за медијација или факт дека некоја страна изразила волја да учествува во постапка за медијација;
2) изразено мислење или предлог даден од некоја страна во постапка за медијација во врска со можно ре- шавање на спорот;
3) изјава или признание дадени од некоја страна во текот на постапка за медијација, освен ако изјавата или признанието не се составен дел на постигнатата спо- годба;
4) предлог даден од медијаторот;
5) факт дека некоја страна во постапка за медијаци- ја покажала подготвеност за прифаќање на предлогот за мирење од медијаторот и
6) исправа изготвена исклучително за потребите на постапка за медијација.
(2) Одредбите од ставот (1) на овој член важат неза- висно од формата на информацијата или на доказите.
(3) Арбитражен совет, суд или друго надлежно вла- дино тело не може да наложи откривање на информа- циите од ставот (1) на овој член. Доколку информација од ставот (1) на овој член се понуди како доказ спро- тивно на одредбите од ставот (1) на овој член, таквиот доказ ќе се смета за неприфатлив.
(4) Доказите од ставот (1) на овој член, можат да се откријат или дозволат до оној степен до кој тоа се на- лага со закон или заради извршување на спогодбата.
(5) Одредбите од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член важат независно дали арбитражната, судската или слична постапка се однесуваат на спор што бил пред- мет на медијација.

Завршување на постапката за медијација

Член 21
(1) Постапката за медијација завршува:
- со склучување на писмена спогодбата за решава- ње на спорот меѓу страните, на денот на склучувањето на спогодбата,
- со писмена изјава на медијаторот, по извршени консултации со страните, дека не се оправдани ната- мошните обиди за медијација, на денот на поднесува- њето на писмената изјава,
- со писмена изјава од страните до медијаторот дека постапката за медијација е завршена, на денот на под- несувањето на изјавата и

- со писмена изјава на која било од страните на по- стапката до другите страни и медијаторот, доколку истиот е избран, дека постапката за медијација е завр- шена, на денот на поднесувањето на изјавата.
(2) Постапката за медијација завршува во рок до 45 дена од денот на давањето на изјава за започнувањето на постапката, без оглед на нејзиниот исход.

Спогодба на страните

Член 22
(1) Спогодбата постигната во постапката за медија- ција во писмена форма ја изготвуваат страните во по- стапката, или по нивно барање ја изготвува медијато- рот, а ја потпишуваат страните.
(2) Потпишаната спогодба од страните, пред пове- дување на судската постапка, медијаторот ја заверува со свој потпис и ја пријавува во Комората на медијато- ри, заради упис во Регистарот за евиденција на постап- ките за медијација.
(3) Кога страните сакаат на спогодбата да и дадат сила на извршна исправа, содржината на спогодбата ја солемнизира нотар.
(4) Во рок од три работни дена по потпишувањето на спогодбата постигната како резултат на упатување на медијација при прекин на судска постапка, медија- торот е должен да ја достави спогодбата во суд и иста- та претставува основ за судско порамнување.
(5) Ако постапката за медијација се води по упату- вање на судот, медијаторот е должен во рок од три ра- ботни дена по завршувањето на постапката за медија- ција да го извести судот за начинот

на завршување на постапката.

Примена на одредби од други закони

Член 23
(1) За ништовност и рушливост на спогодбата ќе се применуваат одредбите од Законот за облигациони од- носи.
(2) За материјалната одговорност на медијаторот ќе се применуваат општи начела за основите на одговор- носта за причинување на штета според одредбите на Законот за облигациони односи.

Трошоци на постапка за медијација и награда на медијаторот

Член 24
(1) Во случај кога од постапката за медијација про- излегуваат трошоци за страните, тие треба да бидат разумни и соодветни на значењето и вредноста на предметот на спорот и на обемот на работа на медија- торот.
(2) Секоја страна ги сноси своите трошоци од по- стапката за медијација, освен ако страните поинаку не се спогодат.
(3) Наградата и надоместокот на трошоците на ме- дијаторот ги покриваат страните на еднакви делови, освен ако страните поинаку не се договорат.
(4) Наградата и надоместокот на трошоците на ме- дијаторот во постапката за медијација се определуваат со Тарифник.

(5) Тарифникот за награда и надоместок на трошо- ци на медијаторите го донесува министерот за правда по претходно прибавено мислење од Комората на ме- дијатори.
(6) Медијаторите за извршените дејствија наплаќаат:
1) награда на медијаторот за извршена медијација и
2) надоместок на трошоци.
(7) Наградата на медијаторот за извршената медија- ција се определува според:
1) вложениот труд и потрошеното време во постап- ката, согласно со Тарифникот за награда и надоместок на трошоци на медијаторите;
2) видот на спорот и
3) бројот на страните.
(8) Надоместокот на реалните трошоци на медија- тори се определува според административно технички- те трошоци кои ги опфаќаат трошоците потребни за за- почнување на постапката и нејзино спроведување.
(9) Тарифникот од став (5) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.
(10) Постапката за медијација може да биде бесплат- на за страните во случај кога страните и медијаторот ќе се договорат за тоа или кога тоа е уредено со закон.

Депозит

Член 25
(1) Медијаторот може да побара од страните да де- понираат аванс за трошоците на постапката.
(2) Доколку средствата од ставот (1) на овој член не се платени во целост од двете страни во рок од осум дена од денот на барањето на медијаторот, тој може со писмена изјава да се откаже од постапката за медијаци- ја, која предизвикува дејство од денот на нејзиното из- јавување.
(3) По завршувањето на постапката за медијација, медијаторот е должен на страните да им достави доказ за потрошените средства. Непотрошените средства се враќаат на страните.
Членот 26 е избришан.

Упатување на медијација од страна на суд

Член 27
Судот во текот на првостепената постапка може да ги упати странките спорот да го решат по пат на ме- дијација.

V. ОРГАНИЗАЦИЈА НА МЕДИЈАТОРИТЕ

Комора на медијатори

Член 28
(1) Медијаторите се организираат во Комората на медијатори на Република Македонија.
(2) Комората на медијатори има својство на правно лице.
(3) Седиштето на Комората на медијатори е во Скопје.

Органи на Комората на медијатори

Член 29
(1) Највисок орган на Комората на медијатори е Со- бранието на Комората.

(2) Други органи на Комората се претседателот, Управниот одбор и Надзорниот одбор на Комората.

Собрание на Комората

Член 30
(1) Собранието на Комората го сочинуваат сите ме- дијатори.
(2) Собранието на Комората ги штити угледот и че- ста на медијаторите и се грижи тие да ја остваруваат својата функција согласно со начелата утврдени со овој Закон и со Етичкиот кодекс на медијатори.

Член 31
(1) Собранието на Комората ги врши следните ра- боти:
- го донесува Статутот на Комората,
- ја донесува Програмата за работа на Комората,
- врши упис и бришење во Именикот на медијато- рите,
- го донесува Етичкиот кодекс,
- расправа за прашања непосредно поврзани со це- лите и задачите на здружувањето во Комората,
- усвојува извештај за работата на Комората,
- го избира претседателот на Комората,
- ги избира членовите на Управниот одбор,
- ги избира членовите на Надзорниот одбор,
- го донесува Деловникот за работа,
- се грижи и е одговорно за целесообразно користе- ње на средствата со кои управува Комората, односно нејзините членови,
- одлучува за висината на членарината, начинот на нејзиното плаќање и користење и
- врши други работи утврдени со закон и Статутот.
(2) Со Статутот на Комората се утврдуваат начинот на работата на Комората, надлежностите на нејзините органи и други работи.

Управен одбор на Комората на медијатори

Член 32
(1) Управниот одбор на Комората е извршен орган на Собранието.
(2) Бројот на членовите на Управниот одбор се уре- дуваат со Статутот на Комората, а начинот на работа на Управниот одбор на Комората со Деловникот за ра- бота на Управниот одбор.
(3) Мандатот на членовите на Управниот одбор трае две години со можност за уште еден избор.
(4) Управниот одбор:
- ги подготвува седниците на Собранието на Комо- рата,
- утврдува предлог на Статутот,
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието на Комората,
- се грижи за наплата на членарината,
- управува и одговара за средствата и имотот на Ко- мората,
- составува предлог на периодична и годишна пресметка,
- донесува Правилник за дисциплинска одговорност на медијаторот, кој се објавува во „Службен весник на Република Македонија“, Кодекс за етичко однесување на медијаторот и други акти на Комората, по претход- на согласност на министерот за правда и
- одлучува за други прашања кои се во негова над- лежност согласно со закон или со статут.

Претседател на Комората

Член 33
(1) Комората на медијатори ја претставува и заста- пува претседателот на Комората. Претседателот на Ко- мората по функција е претседател на Управниот одбор на Комората.
(2) Во негово отсуство, по негово овластување или со одлука на Управниот одбор, Комората може да ја за- стапува и член на Управниот одбор.
(3) Претседателот на Комората ги потпишува одлу- ката на Собранието и на Управниот одбор.
(4) Претседателот на Комората го избира Собранието со мандат од две години, со можност за повторен избор.

Надзорен одбор

Член 34
(1) Комората има Надзорен одбор.
(2) Собранието на Комората ги избира членовите на Надзорниот одбор.
(3) Бројот на членовите на Надзорниот одбор се уредуваат со Статутот на Комората.
(4) Мандатот на членовите на Надзорниот одбор трае две години со можност за повторен избор.

Регистар за евиденција на постапките за медијација

Член 34-а
(1) Управниот одбор води Регистар за евиденција на постапките за медијација. Регистарот се води во Ко- морката на медијатори од овластено вработено лице.
(2) Регистарот за евиденција на постапките за меди- јација содржи:
1. име, презиме и адреса односно назив и седиште на страните во спорот;
2. име и презиме на медијаторот;
3. вид на спорниот однос;
4. датум на започнување на постапката за медијација;
5. датум и начин на завршувањето на медијацијата или запирање на постапката за медијација и
6. вредност на спорот, доколку може парично да се изрази.
(3) Регистарот се води согласно со начелото на тај- ност и доверливост.

Именик на медијатори

Член 34-б

(1) Медијаторот кој има сертификат за завршена обука за медијација и ги исполнува условите согласно со член 11 на овој закон се запишува во Именикот на медијатори, кој го води Комората на медијатори.

(2) Се смета дека уписот во Именикот на медијато- ри е извршен на денот кога медијаторот кој ги испол- нува условите предвидени со овој закон ќе достави пријава за упис во Комората.

Надзор

Член 35

(1) Надзор на работата на Комората на медијатори кој се однесува на спроведувањето на одредбите од овој закон, врши министерот за правда.

(2) За вршење на надзорот министерот за правда формира комисија составена од претставници на Мини- стерството за правда. При вршењето на надзорот од страна на министерот за правда мора да биде присутен претседателот на Комората или лице овластено од него.

(3) Претседателот на Комората е должен на мини- стерот за правда или лица овластени од него, да му овозможи пристап до сите простории и увид во еви- денцијата за медијација. Поради спреченост на претсе- дателот на Комората, по негово овластување може да го заменува член на Управниот одбор.

(4) За спроведениот надзор се прави извештај и се укажува за констатираните евентуални недостатоци и нивно отстранување.

(5) Еден примерок од извештајот за спроведениот надзор, задолжително се доставува до Комората на ме- дијатори.

VI Преодни и завршни одредби

Член 36

(1) Во рок од еден месец од влегувањето во сила на овој закон, министерот за правда ќе донесе Програма за обука на медијатори и Образец за обука на медијатори.

Во рок од два месеци од влегувањето во сила на овој закон и во согласност со Програмата за обука на медијатори, а врз основа на јавен конкурс, Министерс- твото за правда ќе организира почетна обука за медија- тори и напредна обука за медијатори за лица кои веќе посетувале обука за медијатори од признаени институ- ции, за што ќе им бидат изададени сертификати.

(3) Во рок од пет месеца од влегувањето во сила на овој закон ќе се формира Комора на медијатори на Ре- публика Македонија од лицата на кои им биле издаде- ни сертификати согласно со ставот (2) на овој член.

(4) Во рок од еден месец од денот на формирањето на Комората на медијатори, Комората ќе донесе Ко- декс за етичко однесување на медијаторот.

(5) Со денот на отпочнување на примената на овој закон, продолжуваат да важат одредбите од други за- кони, во кои споровите можат да се решаваат спогод- бено меѓу страните, пред судовите и пред други орга- ни и тела.

Член 37

(член 26 од „Службен весник на Република Македонија" број 114/2009 година)

Во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон Комората на медијатори ќе ги донесе актите од член 21 став (4) алинеја 7 на овој закон.

Член 38

(член 27 од „Службен весник на Република Македонија" број 114/2009 година)

Тарифникот за награда и надоместок на трошоците на медијаторот, министерот за правда ќе го донесе во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Подзаконскиот акт од член 7 став (5) на овој закон министерот за правда ќе го донесе во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.